**Агенда**

**19-то издание на е-Општество.мк**

**„Вештачка интелигенција и човекови права: Потрага по вистинскиот баланс помеѓу иновација и одговорност"**

Вештачката интелигенција отвора невидени можности за иновации во различни сектори, од здравство и транспорт, до образование и забава. Сепак, овој брз напредок на технологијата истовремено покренува клучни прашања за тоа како да се заштитат основните човекови права. Постигнувањето на вистинскиот баланс помеѓу иновацијата и одговорноста е од суштинско значење за обезбедување на дигитален пејзаж кој вклучува решавање на проблеми како што се приватноста, пристрасноста, дискриминацијата и етичката употреба на вештачката интелигенција за заштита на човековите права. Како што вештачката интелигенција продолжува да го обликува нашиот свет, потребата за заштита на човековите права без задушување на технолошкиот напредок станува најголем предизвик.

| **ГЛАВЕН НАСТАН**<br>**19.12.2023,** Хотел Мериот, Скопје (сала Ballroom I) | |
|---|---|
| **Време** | **Сесија** |
| **09:30 – 10:00** | **Регистрација на учесници** |
| **10:00 – 10:20** | **Дигитална ера за граѓаните**<br>Во оваа дигитална ера, визијата на Министерството за информатичко општество и администрација е да го води патувањето на нацијата водејќи се според сферите на мудроста и технологијата, притоа цврсто поддржувајќи ги ЕУ стандардите, поплочувајќи го патот кон трансформативна иднина каде што иновациите и соработката се во насока на напредок и просперитет. Во овој дел, краток инспиративен говор ќе има министерот за информатичко општество и администрација кој ќе се осврне на заложбите на Министерството и значењето на дигиталната ера за граѓаните.<br><br>**Говорник:** Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација<br><br>**Модератор:** Мила Јосифовска Даниловска, програмска координаторка во Фондација за интернет и општество Метаморфозис |
| **10:20 – 11:20** | **Етика во дизајн: Градење на инклузивни и неинвазивни технолошки решенија**<br>Во дигиталната ера етичките димензии на технологијата никогаш не биле посуштински. Брзиот напредок на дигиталните решенија и услуги има моќ или да послужи како движечка сила за позитивни промени или да ги продлабочи постоечките нееднаквости. Оваа сесија го истакнува значењето на етиката во дизајнот, нагласувајќи го создавањето технологија која ја почитува приватноста, промовира недискриминација и вистински ги задоволува различните потреби на граѓаните. Со решавање на овие критични етички грижи, можеме да работиме кон иднина каде што технологијата служи како средство за зајакнување и вклучување, наместо маргинализирање или инвазија на различни сегменти од нашето општество. |

| | |
|---|---|
| | **Говорници:**<br>- Фестим Халили, директор, Фонд за иновации и технолошки развој<br>- Зорица Велковска, ко-основачка на Центар за социјални иновации Блинк 42-21<br>- Крис Шришак, постар соработник, Ирски совет за граѓански слободи (Германија)<br>- Тамара Димитрова, истражувачка и основачка на Едукативен центар Скампер<br><br>**Модератор:** Маријана Јанческа, специјалистка за поттикнување отвореност и учество, Фондација за интернет и општество Метаморфозис |
| **11:20 – 11:50** | **Кафе пауза** |
| **11:50 – 12:05** | **Краток инспиративен говор – Одговорно користење на вештачка интелигенција**<br>Во нашата потрага по иновации, од клучно значење е одговорно да се користи вештачката интелигенција, имајќи ги предвид етичките импликации и општественото влијание. Одговорното користење на вештачката интелигенција бара внимателен дизајн, транспарентност и постојана соработка за да се осигура дека технологијата му служи на човештвото етички и правично.<br><br>**Говорник:** Камил Сливовски, дизајнер на активности и содржини за учење, ИНКО (Полска) |
| **12:05 – 13:05** | **Дезинформации на стероиди: Закана за интегритетот на изборниот процес**<br>Оваа сесија го истражува влијанието на напливот на дезинформации како закана за интегритетот на изборниот процес. Говорниците на оваа сесија ќе ги истражат повеќеслојните предизвици што ги носи напливот на дезинформациите за време на изборите, испитувајќи го нивниот потенцијал за нарушување на довербата на јавноста, манипулирање со перцепциите на гласачите и поткопување на самите основи на изборниот интегритет.<br><br>**Говорници:**<br>- Јан Цингел, основач и претседател на “Strategic analysis” (Словачка)<br>- Бојана Костиќ, Истражувачка за човекови права и технологија (Босна и Херцеговина) (онлајн) (ТВС)<br>- Фитим Гаши, координатор на проекти за дезинформации, Сбункер (Косово)<br><br>**Модератор:** Филип Стојановски, директор за развој и партнерства, Фондација за интернет и општество Метаморфозис |
| **13:05 – 13:15** | **Затворање на конференцијата**<br><br>**Говорник**: Бардил Јашари, извршен директор на Фондација за интернет и општество Метаморфозис |
| **13:15 – 14:00** | **Закуска и вмрежување** |

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

| НАСТАН ЗА МЛАДИ<br>**18.12.2023,** Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово (Future Skills Next Center) | |
|---|---|
| **Време** | **Сесија** |
| **18:00 – 19:30** | **Сајбер Шејк - дискусија за млади: „Зошто да учам кога има Вештачка интелигенција?“**<br>Дали треба да се дозволи употреба на вештачката интелигенција (ВИ) на универзитетите и во училиштата? Зошто и на кој начин? Колку и како ја користат студентите и учениците вештачката интелигенција при изработката на нивните задачи? Колку универзитетите се спремни да се борат против злоупотребата на генеративната ВИ? Дали имаат механизми за препознавање на текстовите напишани од овие јазични модели? Кои се последиците од користењето на ВИ на универзитетите? На кој начин ВИ може да влијае на образовниот систем? Дали употребата на вештачката интелигенција треба да се регулира со закон? Дали Министерството образование планира да воспостави регулатива во земјава во врска со оваа прашање? Ова се само дел од прашањата на кои ќе се обидеме да дадеме одговор и ќе дискутираме на настанот „Сајбер шејк – дискусија за млади: „Зошто да учам кога има ВИ?“<br><br>**Говорници:**<br>- Јетон Шаќири, министер за образование и наука<br>- Адриан Бесими, професор на Универзитет на Југоисточна Европа<br>- Сабрије Тефики, координаторка, Форум за образовни промени<br>- Зана Речи, студентка на Универзитет на Југоисточна Европа<br>- Њомза Бехадини, студентка на Универзитет во Тетово<br><br>**Модератор:** Фисник Целили, новинар, Порталб |

**Медиумска поддршка**